РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До:

Бр. 03-12

Скопје 15.05.2020г.

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје

**Предмет: Одговор на претставка**

Почитуван

По Вашата претставка (наш арх.бр. 03-12 од 07.05.2020 година) за играниот серијал „Белата робинка", Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги спроведе вонреден надзор врз програмскиот сервис на ТРД ТВ СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, на 6, 7, 8, 11 и 12 мај 2020 година. Мониторингот покажа дека наводите во Вашата претставка се основани, односно дека, спротивно на членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ), и на членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица, пет премиерно емитувани епизоди и четири репризи од играниот серијал „Белата робинка", емитувани во периодите опфатени со надзорот, беа погрешно означени како програма од втора категорија (8+) и беа емитувани во несоодветни програмски термини. Според критериумите од Правилникот за заштита на малолетните лица, играниот серијал „Белата робинка" треба да биде означен како програма од трета категорија, која не се препорачува за деца под 12 години, односно треба да се емитува само во периодот од 20:00 до 05:00 часот. Деталите од мониторингот / анализата, Ви се достапни од извештајот објавен на www.avmu.mk - веб-сајтот на Агенцијата.

Ве известуваме дека по јавното објавување на Извештајот од надзор, направен врз основа на Вашата претставка, понатамошната постапка согласно Законот, ќе се одвива во неколку фази, и тоа:

- Пред изрекување на јавната опомена предложена во Извештајот од надзорот, Советот на Агенцијата е должен да побара писмено изјаснување од медиумот за стореното прекршување (член 23 став 3 од ЗААВМУ).

- За да го подготви изјаснувањето во кое ќе ги објасни своите аргументи зошто постапил на одреден начин, медиумот има рок од 7 работни дена кој почнува да тече од денот кога ќе го прими барањето од Советот на Агенцијата што се доставува по пошта. Доказ за приемот на барањето е потписот на одговорното лице во медиумот на доставницата од пошта.

- По истекот на овој рок, Советот на Агенцијата составен од 7 членови, на седница одлучува по предлогот на директорот за изрекување мерка јавна опомена, при што ги зема предвид и аргументите на радиодифузерот од писменото изјаснување.

- За изречената мерка јавна опомена, Советот донесува соодветно решение што му се доставува на радиодифузерот. Во решението за изрекување мерка се утврдува рок за усогласување, кој тече од денот на неговиот прием. За конкретново прекршување на ТВ Сител, според Упатството за изрекување мерки, рокот за усогласување изнесува 30 дена.

- По истекот на овој рок, Стручната служба на Агенцијата во согласност со член 27 став 5 од ЗААВМУ врши контролен надзор за да утврди дали радиодифузерот постапил по решението за изрекување мерка.
- Доколку постапил, постапката завршува тука, доколку не, Стручната служба во извештајот од контролен надзор предлага Советот да поведе прекршочна постапка пред надлежен суд.

Преку веб сајтот на Агенцијата, ќе можете да го следите текот на постапката за ТВ Сител започната врз основа на Вашата претставка. На сајтот се објавуваат и извештаите од надзор и решенијата за изрекување мерки донесени од Советот на Агенцијата, како и сите записници од седниците на Советот.

Ви благодариме за соработката.

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Директор**

**...........................................................**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**